Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja Publike për Parkingje Publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-247/4
08.05. 2018 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 08.05.2018 година ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Тримесечниот Извештајот од работењето на ЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.01.2018 до 31.03.2018 год**

Член 1

Предмет на оваа Одлука усвојување на Тримесечниот извештајот од работењето на ЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.01.2018 до 31.03.2018 год.

Член 2

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до Градоначалникот на Град Скопје и Советот на Град Скопје, и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

Член 3

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 08.05.2018 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Марија Георгиевска

Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja Publike për Parkingje Publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-247/4
08 05 201 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qyetit - Shkup

# ИЗВЕШТАЈ
## За работењето на ЈП Градски Паркинг-Скопје за перид 01.01-31.03.2018 година

## 1.ВОВЕД

Во периодот 01.01-31.03.2018 година ЈП Градски Паркинг,Скопје остварува позитивен финансиски резултат – добивка на износ 17.902.668,00 денари.
Приходите заклучно 31.03.2018 год. изнесуваат 61.317.005,00 денари.
Расходите се на износ 43.414.337,00 ден.
Составен дел на извештајот е билансот на успех и билансот на состојба.

## 2. БИЛАНС НА УСПЕХ

### ПРИХОДИ

Приходите за период 01.01-31.03.2018 год. изнесуваат 61.317.005,00 денари,односно по сектори :

- Сектор јавни паркиралишта 38.393.213,00 ден.
- Сектор пајак 7.127.543,00 ден.
- Останати приходи 15.691.389,00 ден.
- Финансиски приходи 104.860,00 ден.

**Приходи од сектор јавни паркиралишта**

Во рамките на Секторот јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

15.513.238,00 ден. Приходи од затворени паркиралишта
18.163.472,00 ден. Приходи од зонско паркирање
4.716.503,00 ден. Приходи од катни гаражи

Приходите од паркирање во истиот период на 2017 година изнесувале :
15.376.130,00 ден. Приходи од затворени паркиралишта
15.892.975,00 ден. Приходи од зонско паркирање
7.911.523,00 ден. Приходи од катни гаража

Кај затворените паркинзи се забележува дека приходите се на исто ниво како и минатата година односно бележиме незначителен пораст на приходите од 137.108,00 денари.Кај речиси сите паркинзи приходите се на исто ниво или незначително повисоки со исклучок на паркингот АМСМ кој бележи незначителен пад на приходот.
Кај зонското паркирање порастот на приходите се должи на зголемениот промет по основ на смс паркирање. Во рамките на зонското паркирање бележиме зголемување на приходите по основ на продажба на греб картички смс паркирање и доплатни карти со исклучок на приходите од претплати за зонско паркирање.
Потсетуваме дека кај зонското паркирање станарите во централното градско подрачје се ослободени од плаќање на услугата за прво возило додека пак станарите во општина Аердором се целосно ослободени од претплата за паркирање.

Катната гаража Тодор Александров реализирала приходи во висина од 3.351.386,00 денари додека пак катната гаража Македонска фаланга бележи приходи на износ од 1.365.117,00 денари. Иако збирно гледано при компарација на показателите може да се заклучи дека катните гаражи бележат пад на приходот во однос на минатата година, треба да се истакне дека поголемите приходи од минатата година и тоа кај катната гаража Тодор Александров се резултат на акумулирани обврски по договор за закуп кои се исплатени збирно во текот на минатата година.
Всушност анализата на приходите од стопанисување со двете катни гаражи покажува зголемен приход кај истите како по основ на дневен промет така и по основ на претплати за паркирање.
Сметаме дека причина за ова е што дел од коминтентите мигрираа на катната гаража Тодор Александров - која е поатрактивна заради својата местоположба односно локација во строгиот центар на градот.

**<u>Приходи од Сектор Пајак</u>**

Вкупно остварен нето приход во пајак сектор изнесува 7.127.543,00 ден.и е поголем во спредба со минатата година за 2.571.017,00 денари. Во првиот квартал од годината наплатени се вкупно 3.958 возила . Во првиот квартал од минатата година резализиран е приход на износ 4.556.526,00 денари односно наплатени се 2.489 возила.
Работата на овој сектор е условена од различни фактори како што се временските услови, исправноста на специјалните возила меѓутоа во најголем дел работењето е условено и зависи од соработката со МВР.

**<u>ПРИХОДИ ОД ВЕЛОСИПЕДИ,ЕЛЕКТРОВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛЕКТРОМОБИЛИ</u>**

Во извештајниот период не бележиме приходи по основ издавање велосипеди, електровелосипеди, елктромобили бидејќи сезоната за почеток на нивно изнајмување е во месец април.

**<u>ОСТАНАТИ ПРИХОДИ</u>**

Износот на останати приходи е 15.691.389,00 ден.Истите произлегуваат од наплата на отпишани побарувања и обврски 91.954,00 ; приходи од парични субвенции 15.000.000,00, субвенции во опрема како и донации дадени во опрема 496.296,00денари ; приходи од судски трошоци 81.853,00 ; приходи од наплата на штети 21.256,00 како и други вонредни приходи . Во споредба со минатата година овие приходи се поголеми како резултат на субвенциите доделени од основачат за потешкотии во работењето.

**ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ**

Во оваа група спаѓаат приходите по основ камата, позитивни курсни ралики и слично.Во првото тромесечие бележиме приходи од камата од тужени побарувања на износ 104.860,00 денари.

**РАСХОДИ**

Расходите заклучно 31.03.2018 год.се на износ 43.414.337,00 ден.

**ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ**

Во првата група трошоци -трошоци за суровини и материјали спаѓаат следните трошоци: потрошни-помошни материјали и средства за чистење, канцелариски материјали, фискални ролни и бар код хатртија , чип и греб картички, електрична енергија и гориво, инвентар , автогуми и ХТЗ опрема.Оваа група на трошоци спредена со минатат година бележи пораст за 2.099.845,00 денари.

Кај дел од горенаведените троошоци бележиме одредени заштеди како резултат на што имаме пад на трошоците за потрошните материјали и средствата за чистење, топлотна енергија односно парно, канцелариските материјали, додека пак во однос на сите останати трошоци во групата бележиме пораст.
Притоа треба да се истакне дека разликата во порастот на трошоците во групата во најголем дел е резултат на трошокот за ХТЗ опрема која беше набавена во текот на првото тромесечие од годината во споредба со минатата година кога не се јавува ваков трошок.

**ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ**

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошокот за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации,понатаму трошоците за тековно одржување на материјалните и нематеријалните основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, закуп, комуналните услуги,транспорт на пари,администрирање на системот за зонско паркирање како и трошокот за времените вработувања .
Во извештајниот период евидентирани се трошоци на износ 7.806.158,00 денари односно бележиме пораст на трошоците за 470.248,00 денари во споредба со 2017 година. Помали се трошоците за одржување на ситен инвентар и туѓ имот – лифтови во катните гаражи ,немаме трошок за бележење како и некои други услуги за градежни работи.Кај останатите трошоци во рамките на групата бележиме порст како што трошокот за времени вработувања од причина што ланската година биле вработени 8 лица, додека оваа година заклучно месец март преку агенција за времени вработувања ангажирани се 12 лица. Како резултат на поголем промет зголемени се и трошоците за администрирање на системот за зонско паркирање а зголемен пораст имаме и на трошокот на основни средства ако се земе во предвид фактот дека минатат година се набавија машини за чистење на катнте гаражи како и беше зголемениот возниот парк со две нови специјални пајак возила .

## ПЛАТА,НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ

Трошокот за плати е помал во спредба со ланската година за 335.092,00 како резултат на тоа што бројот на вработени во 2018 е помал за 5 лица како и заради трендот на користење на неплатено отсуство на вработените .

Воедно и трошокот за јубилејни награди е помал од причина што помал број вработени во извештајниот период имале 10 години непрекинат стаж во претпријатието што е услов за остварување на правото на јубилејна награда.

## АМОРТИЗАЦИЈА

Трошокот за амортизација изнесува 3.262.248,00 денари и е поголем во спредба со ланската година за 604.338,00 денари.

## ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ

Во групата спаѓаат следните трошоци: дневници и патни трошоци за службени патувања ,трошоци за користење сопствено возило за службени цели, семинари и обуки на вработените, надоместоци на органите на управување, донации, репрезентација, осигурување, интелектуални услуги,банкарски провизии, трошок за ДДВ, договор на дело,интелектуални усуги, судски и административни такси, трошоци за огласување и претплата на весници и стручни списанија итн.

Во групата останати трошоци на работење евидентирани се трошоци на износ 1.422.460,00. Ако се споредат со минатата година ( 1.842.267,00 ден.) се забележува пад на трошоците за 419.807,00 денари. Во првиот квартал од годината не се направени трошоци по основ на службени патувања , користење сопствено возило за службени цели,донации и сл. а речиси сите останати трошоци во групата бележат пад со исклучок на трошоците за банкарски провизии и трошокот за ДДВ.

## ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА

Заклучно 31.03.2018 година претпријатието бележи трошоци на износ од 990,00 денари за тужени побарувања.

## ОСТАНАТИ РАСХОДИ

Во оваа група евидентирани се трошоци во вкупен износ од 57.243,00 денари и истите се однесуваат на одобренија по рекламации 46.869,00 и трошоци од минати години на износ 10.374,00 кои произлегуваат од сметки за струја и вода заради задоцнето доставување.

**ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ**

Во рамките на финансиски расходи трошокот за казнена камата е на износ 895,00 и се однесува за задоцнето плаќање на сметки за вода, стрја,телефон и други обврски претежно заради задоцнето добивање на документите. Во оваа група бележиме и негативни курсни разлики на износ од 297,00 денари како резултат на плаќање на обврски кон странски добавувач .

## 3. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 31.03.2018 ГОД.**

ЈП Градски Паркинг – Скопје заклучно 31.03.2018 година располага со основни средства чија сегашна вредност изнесува 36.191.754,00 денари вклучувајќи ги и основните средства евидентирани во подготовка кои сеуште не се ставени во функција.
Во првиот квартал на годината извршена е адаптација со комплетно опремување на деловни простории на два ката во катната гаража Тодор Александров за што се потрошени 775.505,00 денари со вклучен ДДВ.

**ЗАЛИХИ**

Вредноста на залихите изнесува 2.365.377,00 денари.
Од нив 973.388,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно се однесува на следните ставки: ад блу течност за потребите на сектор пајак, лед цевки и лед светилки за осветлување, кружни четки за потребите на машините за чистење, канцелариски материјал и обрасци ,чип и греб картички, рибони,репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење.

Залиха на ситен инвентар 519.484,00 денари се состои од залиха на паркинг клешти и блокатори за потребите на зонското паркирање, канцелариски мебел, велосипеди,батерии за мотороли исл.

ХТЗ опрема имаме на залиха во вредност од 740.967,00 денари истата се состои од пантолони, поло маици , одела за дожд, ракавици, јакни, чевли, чизми итн.

Автогуми на залиха за специјални пајак возила во вредност од 131.538,00 денари.

**ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА**

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 31.03.2018 како и девизната сметка ,благајна и виза картичка изнесува 32.110.734,00 денари.

Побарувања од купувачи изнесуваат 8.694.281,00 денари чија наплата се врши тековно во наредните периоди.

Тужени побарувања имаме на износ 3.376.370,00 денари .Истите во најголем износ проилегуваат од издадени доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012-та и 2013-та година се процесирани директно на нотар. Постапата за нивна наплата е во тек.
Евидентирани се и побарувања по основ платени аконтации за данок на добивка на износ 258.600,00 денари.
Побарувањата од вработените се на износ 149.234,00 денари и се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркинзи, надминати телефонски лимити на службени телефони, штети од невнимателно ракување со опрема, кусок по попис итн.
Побарувања од кредитни - дебитни картички на износ 90.195,00 денари се всушност тековните побарувања од деловната банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

## АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 485.985,00 денари кои ќе се реализираат во наредните периоди.Во најголем дел станува збор за трошоци за платени такси на нотари и извршители 481.652,00 остатокот отпаѓа на трошоци за чип картички и идни периоди на износ 4.333,00 денари.

## ОБВРСКИ

Претпријатието нема долгорочни обврски.
По основ краткорочни обврски претпријатието должи севкупно 11.177.720,00 денари. Од овој износ како повисоки ќе ги издвоиме: обврските кон добавувачите на износ 4.467.878,00 денари,обврската за ДДВ 2.454.160,00 и обврската за комунална такса кон Град Скопје на износ 3.788.620,00 денари. Овие како и останатите тековни обрски претпријатието навремено ги подмирува во наредниот пресметковен период.
Претпријатието нема неподмирени обврски за плати кон вработените.

## ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Износот на оваа категорија е 16.322.813,00 денари.
По основ извршени плаќања за услуга за паркирање а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период бележиме износ од 1.685.560,00денари . Други одложени приходи по основ претплати имаме на износ 184.978,00 денари.По основ на субвенции и донации од основачот Град Скопје доделени во опрема и пари наменски за набавка на опрема белжиме износ од 14.451.071,00 денари .

## ЗАКЛУЧОК

Во првото тромесечие од годината нашето преnтријатието работеше со позитивен финансиски резултат - добивка на износ од 17.902.668,00 денари .

Во првиот квартал од годината добиена е финансиска поддршка од основачот на износ 15.000.000,00 денари. Оттука , висината на добивката во најголема мера е одредена од субвенциите за потешкотии во работењето доделени од страна на Град Скопје . Јавното претпријатие субвенциите ги искористи за плаќање на обврската за комунална такса за период месец 03/2016-12/2017 година на износ 16.247.513,00 денари.

Од финансиските показатели може да се заклучи дека во претпријатието секогаш има доволно парични средства за одржување на тековната ликвидност. Исто така особено се внимава на навремена исплата на обврските кон добавувачите и даночните обврски, обврските кон вработените за плати и придонеси и друг вид обврски.

Како системски слабости со кои претпријатието се соочува во своето работење е проблемот со високиот процент (10 %) по кој се засметува обврската за комунална такса , Одлуката на Советот на Град Скопје согласно која треба да се дели дел од добивката од стопанисување со паркингот Клинички центар-Мајка Тереза за Министерство за задравство итн.

Очекуваме добрата соработка со нашиот основач Градот Скопје да продолжи и во иднина и да се превземат мерки со кои ќе се надминат гореспоменатите потешкотии како би можело претпријатието и понатаму да остварува позитивни резултати во работењето.

Изработил:
Катерина Палитова

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- Скопје

Директор
М-р Борче Јакимовски

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА за период од**
**01 јануари до 31 март 2018 година**

| **АКТИВА** | 2018 година | 2017 година |
|---|---|---|
| | | |
| 1.ОСНОВНИ СРЕДСТВА | 36.191.754,00 | 46.378.345,00 |
| кл.00 | | |
| 2.ЗАЛИХИ | | |
| кл.3 | 2.365.377,00 | 2.704.223,00 |
| 3. ОБРТНИ СРЕДСТВА | 41.303.044,00 | 22.094.765,00 |
| кл.1 | | |
| 4.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 485.985,00 | 346.640,00 |
| кл.1 гр.19 | | |
| **ВКУПНО АКТИВА:** | **80.346.160,00** | **71.523.973,00** |
| | | |
| **ПАСИВА** | | |
| 1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ | | |
| Државен јавен капитал | 153.052,00 | 153.052,00 |
| Останат капитал | 0,00 | 0,00 |
| 2.Законски резерви | 15.305,00 | 15.305,00 |
| | | |
| 3.АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА од претходни години | 34.774.602,00 | 21.827.676,00 |
| | | |
| 4.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ДОБИВКА во прв квартал | 17.902.668,00 | 3.869.528,00 |
| | | |
| 5. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 11.177.720,00 | 27.059.560,00 |
| кл.2 | | |
| 6.Одложени плаќање на приходи и расходи | 16.322.813,00 | 18.598.852,00 |
| **ВКУПНО ПАСИВА:** | **80.346.160,00** | **71.523.973,00** |

**БИЛАНС НА УСПЕХ за период од**
**01 јануари до 31 март 2017 година**

| ПРИХОДИ – кл. 7 | 2018 година | 2017 година |
|---|---|---|
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 38.393.213,00 | 39.180.628,00 |
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 7.127.543,00 | 4.556.525,00 |
| ПРИХОДИ ОД ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ | 0,00 | 0,00 |
| ПРИХОДИ ОД ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОВЕЛОСИПЕДИ | 0,00 | 0,00 |
| ПРИХОДИ ОД ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОМОБИЛИ | 0,00 | 0,00 |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 15.691.389,00 | 684.771,00 |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 104.860,00 | 409.439,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **61.317.005,00** | **44.831.363,00** |
| **РАСХОДИ – кл.4** | | |
| ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ | 5.420.352,00 | 3.320.507,00 |
| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 7.806.158,00 | 7.335.910,00 |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ | 25.443.694,00 | 25.782.119,00 |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 3.262.248,00 | 2.657.910,00 |
| ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 1.422.460,00 | 1.842.267,00 |
| ВРЕДН.УСОГЛАС. НА НЕТЕК. И ТЕКОВ.СРЕДСТВА | 990,00 | 0,00 |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 57.243,00 | 14.531,00 |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 1.192,00 | 8.592,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **43.414.337,00** | **40.961.836,00** |

| ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ПРВ КВАРТАЛ | 2018 година | 2017 година |
|---|---|---|
| Вкупно приходи | 61.317.005,00 | 44.831.363,00 |
| Вкупно расходи | 43.414.337,00 | 40.961.836,00 |
| Добивка | 17.902.668,00 | 3.869.527,00 |